**Анекс 3. Опис на работната задача**

# Брендирање и маркетинг на шумски производи

**Опис на услугата**
Брендирање и маркетинг на продукти произведени од шумски плодови

**Основни информации**
Центарот за истражување и информирање за животна средина ,,Еко-свест'' од Скопје преку локалната канцеларија Вевчани во рамки на проектот „Поддршка на одржливо управување со Заштитеното подрачје Вевчански извори" поддржан од ПОНТ (Prespa Ohrid Nature Trust) има потреба од ангажирање на консултанти за изработка на истражување на состојбата на питом костен во Споменикот на природа Вевчански Извори.
Еко-свест во 2022 година во Вевчани отвори своја локална канцеларија и започна со спроведување на проектот „Поддршка на одржливо управување со Заштитеното подрачје Вевчански извори" и ја продолжи успешната соработка со Prespa Ohrid Nature Trust – PONT.
Целта на работата на проектот е да се постигне долгорочна заштита на Споменикот на природата „Вевчански Извори" и просперитет на локалната заедница преку практики за одржливо управување.

**Цел на услугата**
Промовирање на Споменикот на Природата "Вевчански Извори", брендинг и промовирање на продукти кои произлегуваат од шумските плодови кои можат да се најдат во рамките на Заштитеното подрачје, да се создаде препознатливост на производите и да се обезбеди одржливост на производите.

**Обем и детален опис на услугата**
Избраниот кандидат ќе треба:
- Да соработува со тимот на Еко-свест во Вевчани.
- Да соработува со креаторот на продуктите кои ќе бидат цел на брендингот и маркетингот.
- Да креира име и лого на производите. Препознатливи симболи и имиња кои ќе ги претставуваат на прозиводите.
- Да креира визулена претстава за производите.Користење на бои и текстури и материјали кои ќе го одразуваат природниот карактер на производите.
- Да креира приказна за производите базирана на историја, традиција и вредности. Да се сподели приказна за традицијата на собирање на шумските плодови и важноста за одржливо управување на шумите кои ги даваат плодовите. Да се истакнат вредностите на брендот, како еколошката свест, одржливост и квалитетот.
- Да креира маркетинг стратегија за призводите. Идентификување на целни корисници, промоција на производите, како и склучување на можни партнерства за промоција и пласирање на прозиводите.

**Временска рамка**
Периодот на имплементација е до 31.12.2024 година

**Буџет**
Вкупната вредност на оваа услугата не смее да надмине 1000 евра во денарска противвредност, со вклучен персонален данок, доколку понудувачот е индивидуално лице. Проектот е ослободен од ДДВ.

**Надзор на проектот**
Еко-свест ќе биде одговорен за надзорот на спроведувањето на услугата и почитување на договорите и договорните задачи.
Контакт лице, Дарко Ќитаноски darko@ekosvest.com.mk

**Контакт лице**
За повеќе информации ве молиме контактирајте со Дарко Ќитаноски на darko@ekosvest.com.mk или на +3897844920